# Распад на Србската држава

Во средината на XIV век и за време на владеењето на цар Душан (1331-1355) е србската држава најважен воен и политички фактор на Балканот. Во 1346 година државата се издигнува на ранг на царство а црквата на ранг патријаршија. Територијата на србската држава е огромна и се простира од Дунав на север до Јонското море на југ, од Јадранското море на Запад до Егејското море на исток. После смрта на цар Душан, србската држава нагло пропаѓа поради слабеењто на царската моќ и осамостојувањето на покраинските владетели, додека над нив паѓа сенката на турската опасност.

# Цар Душан Силни

Цар Душан Немањиќ, познат и како цар Душан Силни, (1308-1355) е бил српски средновековен крал (1331-1345) и прв српски цар (1346-1355), односно цар на Срби, Грци и Бугари. Тој доаѓа на власт со убиство на својот татко Стефан Дечански, подржан од војводите и властелите кои биле незадоволни од политиката на Дечански према Бугарија и Византија. Душан значително ја проширува границата на државата према југ, искористувајќи ги внатрешните немири во Византија и во 1345 Света Гора паѓа под српска власт. Навестувањето за крунисување на Душан за цар е обелоденето на Божик 1345 година во градот Сер каде тој со сопругата Јелена ја поминува зимата 1345/46 година додека свечаноста со царското крунисање е обавена во Скопје на Велигден 16 април 1946 година. Измеѓу овие две случувања во Србија е постоело истовремено и кралство и царство. Пред крунисувањето Душан е морал да ја воздигне и српската црква од архиепископија на ранг партијаршија, при што Јоаникија е прогласен за патријарх. При крунисувањето на Душан за цар и синот Урош ја добива кралевата титула и на тој начин е постанал совладар. Душан за време на своето владеење се соочува и со турската опаснот што и престои на Балканот. Како сојузник на една од завојуваните странки во граѓанската војна во Византија, Душан става на располаѓање 7000 коњаника под команда на казнец Бориловиќ. Спротивната страна водена од Јован Кантакузин успева на добие помош од 10 до 12 иљади турски војници при што во сукобот само мал број срби успеват да се спасат. Турското присуство на Балканот станува се почуствително. На европската страна од Хелеспонт турците ја зазимат тврѓавата Цимп а после катастрофалниот земјотрес кој се догодува во почетокот на март 1354 година го зазимат и Галипол. Увидувајки ја непосредната опаснот од турските завојувања Цар Душан покушава да воспостави добри односи со папската курија надевјки се дабиде именуван од страна на папата за капетан на христјанската војска во борба против османлиите. До реализација на овие планови не доѓа и Цар Душан умира 1355 година, неочекувано, на возраст од околу 50 години.


Крунисување на цар Душан - Паја Јовановиќ



**Убикација**
**на црквата Воведение на Пресвета Богородица во место викано Архиљевица**

# Цар Урош - Слаби


Цар Душан, Цар Урош и Царица Јелена

Цар Урош роден 1336 година седнува на престолот на една огромна држава која е била тешко да се одржи во целина. На самиот почеток од своето владеење се соочува со губење на дел од србска територија во прилог на Византија и самопрогласување на Симеон - Синиша, полубратот на цар Душан, за цар на „Срби, Грци и цела Албанија". Истовремено е избувната војна на два фронта, на југ со Синиша и на север со Унгарија, при што уште повеќе србска земја се губи. Увидувајки ја слабоста на цар Урош, властелите од времето на цар Душан се осмелуват и почнуват да се осамостојуват и грабат што повеќе за себе.Така настануват обласните господари кои се повеќе се издигат и го потискат цар Урош во сенката на историјата. Како најмоќни обласни господари се истакнуват Волкашин Мрњакевиќ и Лазар Хребељановиќ. Во 1366 година Волкашин се прогласува за крал во Призрен како престолнина. Предлпоставката е дека Волкашин е совладар со цар Урош но постои и таа можност Урош да е ликвидиран, "Оурошљ од Мрнавчевикга оубиеъ бистъ". Следува период кога владее беззаконие и војна со рашките властели, При некој од тие сукоби се убиени повеке дворјани блиски на Урош помеѓу кои највероватно и деспот Дејан. Волкашин воспоставува контрола само над Македонија и дел од Византија. Имотите на дотоѓашните властели се конфискуват а непожелните велможи се протеруват во манастир. Деспот Јован Оливер умира како великосхимник Јаван Каливит во присуство на двајца синови. Осеќајки ја опасноста од турската присутност пред границите на србската држава браќата Волкашин и Углеша тргнуват со војска од 60.000 луѓе каде и заѓинуват на битката на Марица 1371.


Манастир Света Богородица - Матејче